Арх.бр. УП1-15 646/2021
Дата 18-05-2021

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
### за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Новаци, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на станбена куќа во состав на селско стопански двор, на КП бр. 1256 во КО Новаци, Општина Новаци.**

Површината на планскиот опфат согласно Предлог Планската програма зафаќа површина од 0,51 ha и неговата местоположба е дефинирана во рамките на прикажан графички прилог.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y04521** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изградба на станбена куќа во состав на селско стопански двор во КО Новаци, Општина Новаци, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Низ локацијата за изградба на станбена куќа во состав на селско стопански двор, на КП бр. 1256 во КО Новаци, Општина Новаци минува постојниот преносен 400 кв далновод Битола – Солун, заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува Правилникот за технички нормативи за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1кв до 400 кв.





5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на станбена куќа во состав на селско стопански двор, на КП бр. 1256 во КО Новаци, Општина Новаци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Новаци, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), со постапка бр. 34441 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот **за изградба на станбена куќа во состав на селско стопански двор, на КП бр. 1256 во КО Новаци, Општина Новаци.** Површината на планскиот опфат изнесува 0,51 ha.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на станбена куќа во состав на селско стопански двор, на КП бр. 1256 во КО Новаци, Општина Новаци, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 646/2021 од 07.05.2021 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изградба на станбена куќа во состав на селско стопански двор во КО Новаци, Општина Новаци и претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна

средина и просторно планирање го донесе ова Решение на **Услови за планирање на** просторот за **изградба на станбена куќа во состав на селско стопански двор, на КП** бр. 1256 во КО **Новаци, Општина Новаци,** и одлучи како во диспозитивот.

Упатство за правно средство: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје · Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изготвил: Соња Фурнаџиска

Одобрил: Неби Реџепи


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk